Бр. 02 – 650

06.10.2020 год.

# З А П И С Н И К

Од седница на Вонредно Собрание на акционери при А.Д. "Мода" Св. Николе одржана на ден 06.10.2020 год. со почеток во 11,00 часот во трпезаријата на Друштвото.

На седницата присуствуваа: господин Манфред Михалски ополномоштен да ги застапува фирмите: "Casa Moda West GmbH" од Oldenburg, Германија со 345.609 акции со право на глас, A.J.T. Vermogensverwaltung – GmbH од Oldenburg, Германија со 236.563 акции со право на глас, L.M.K. Holding GmbH од Bad Zwischamahn, Германија со 236.564 акции со право на глас и 31 акционер со 272.714 акции со право на глас или вкупно 1.091.450 акции со право на глас односно 76.24% од вкупните акции со право на глас.

Седницата ја отвори господин Манфред Михалски. Тој ги поздрави присутните акционери и предложи да започне седницата по нормалниот редослед и да се гласа за претседавач на седницата, при што за претседавач на седницата го предложи Панев Боро.

Собранието на акционери едногласно го избраа Панев Боро за Претседавач на седницата.

Панев Боро се заблагодари на укажаната доверба да претседава со денешното Собрание и предложи да се продолжи со процедуралниот дел од Собранието односно да се изберат работни тела на Собранието, записничар, заверувачи на записникот и бројачи на гласови.

Собранието на акционери со 76,24% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас ги избра за записничар Елена Симоновска, за заверувачи на записникот Илчо Андонов и Орце Василев, а за бројачи на гласови Виолета Петрушевска и Силјана Симоновска.

Потоа се премина на работниот дел од Собранието.

Претседавачот констатира дека според списокот на акционери на денешното Собрание присуствуваат 34 акционери со 1.091.450 акции. Според тоа на Собранието учествуваат 76,24% од вкупните 1.431.617 акции со право на глас и има кворум за работа.

Потоа Претседавачот го прочита дневниот ред предложен од Одборот на директори:

1. Донесување на Одлука за распределба на акумулирана добивка на друштвото за исплата на дивиденда
2. Донесување на Одлука за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар

Дневниот ред е ставен на претрес и дискусија.

Откако никој не се јави за дискусија се премина на гласање.

Собранието на акционери со 76,24% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас го усвои дневниот ред.

# Тек на седницата

точка 1

Претседавачот на Собранието на претрес и дискусија ја стави Одлуката за распределба на акумулирана добивка на друштвото за исплата на дивиденда.

Збор зема Изврвшниот директор Ангел Димитров кој кажа дека на Собранието одржано во месец Мај беше кажано дека Друштвото за претходната година немаше остварено голема добивка и затоа не беше исплатено дивиденда. Предлог одлуката за исплата на дивиденда се однесува за годините 2005, 2006, 2007 и 2008 година затоа што од 2009 до 2013 година имаше измена во законот за данок на добивка и данокот на добивка се плаќаше само доколку се исплати дивиденда. Затоа сега ја користиме можноста да исплатиме дивиденда за тие години за кои е платен данокот, така што сега на вкупниот износ ќе се плати само персонален данок кога ќе се уплатат парите на тековните сметки. Вкупниот износ изнесува околу 400.000 евра или 24.681.077 денари. За 2005 година акумулираната добивка изнесува 14.199.437 денари, за 2006 година акумулираната добивка изнесува 2.070,144 денари, за 2007 година акумулираната добивка изнесува 2.480.518 денари и за 2008 година акумулираната добивка изнесува 5.930,978 денари.

Ваквата предлог одлука дојде од мнозинскиот акционер. Факт е дека со настапување на Корона кризата роковите за плаќање на нашите испорачани кошули се малку продолжија и износите кои Каза Мода ги должи спрема А.Д. Мода наместо на пет отидоа на шест, седум или осум месеци. Со оваа исплата на дивиденда ние ќе ги наплатиме тие 400.000 евра од Каза Мода за ненаплатените кошули и ќе се намали износот што тие ни го должат, а со тоа сите акционери како домашните така и странските ќе си добијат иста дивиденда која изнесува 17,24 денари бруто по акција.

Откако никој друг не се јави за дискусија Претседавачот на седницата ја стави на гласање Одлуката за распределба на акумулираната добивка на Друштвото за исплата на дивиденда.

Одлуката за распределба на акумулираната добивка на Друштвото за исплата на дивиденда е усвоена со 76,24% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас.

точка 2

По оваа точка од дневниот ред на претрес и дискусија се стави Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар.

Збор зема Извршниот директор Ангел Димитров кој кажа дека ваква одлука согласно правилата е должна да се донесе за да се утврдат датумите за исплата на дивиденда и да се знае точно кој акционер последен ден ќе има право на дивиденда, а кој акционер откако ќе купи акции ќе нема право на дивиденда. Согласно правилата на берзата сите акционери што ќе имаат акции на 20ти Октомври 2020 год. односно што нема да ги продадат до тогаш ќе земат дивиденда. Прв ден на тргување без право на дивиденда на оној што ќе купи акции е 21ви Октомври 2020 год. и датум за стекнување на право за исплата на дивиденда на секој акционер е 22ри Октомври 2020 година. Од 22ри Октомври 2020 година може да очекувате исплата на парите иако во одлуката стои дека дивидендата ќе се исплати до крајот на 2020 година.

Исто така сакам да напоменам доколку некој има промена на трансакциска сметка од една банка во друга и сака да ја промени сметката должен е до 22ри Октомври 2020 год. да испрати или да дојде во канцеларијата на Друштвото и да достави сметка на која што сака да му биде исплатена дивидендата. За акционерите кои што починале, а оставинската постапка не е завршена откако ќе се заврши процесот на оставинска постапка и ќе се регистрира новиот акционер во акционерската книга треба да достави потврда дека е акционер и ќе му бидат исплатени парите.

Претседавачот на седницата ги праша акционерите дали има некое прашање.

Откако никој друг не се јави за дискусија Претседавачот на седницата ја стави на гласање Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар.

Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар е усвоена со 76,24% од вкупните акции со право на глас или 100% од присутните акционери и нивните полномошници со право на глас.

Збор зема Извршниот директор Ангел Димитров кој појасни зошто е донесена Одлуката за исплата на К15 на два дела. И оваа одлука е донесена по предлог од мнозинскиот акционер бидејќи не се знае како ќе се одвива ситуацијата со вирусот COVID-19. Тој се надева дека нема да има страшни турбуленции во врска со вирусот, дека нема да има голем број заразени за да мора да ја затвориме фабриката и дека вториот дел од К15 ќе биде исплатен до крајот на годината. Мнозинскиот акционер инсистираше да бидеме повеќе внимателни и да го исплатиме првиот дел од К15, а доколку дојде до затворање на фабриката неколку недели тогаш во договор со Синдикатот да се

договориме за исплата на остатокот. Сепак ќе повторам дека јас сум оптимист, но барам и од сите вас да ги почитувате мерките за заштита од вирусот.

По исцрпувањето на точките од дневниот ред седницата на Собранието на акционери заврши со работа во 12,00 часот.

Собрание на А.Д. “Мода”

Претседавач

Панев Боро

Записничар:

Симоновска Елена ________________

Бројачи на гласови:

1. Виолета Петрушевска ________________

2. Силјана Симоновска ________________

Заверувачи на Записникот:

1. Илчо Андонов ________________

2. Орце Василев ________________